*Република Македонија*
**бр. 15-**
**.2012 год.**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Име на материјалот: Предлог на Закон за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство**

**ЕПП бр**. _________ (Број на материјалот од Програмата за усвојување на правото на ЕУ)

**Усогласеност со Годишната програма на Владата:**

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: Да**

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:**
**На првата наредна**

**Карактер на материјалот:**
- **слободен пристап**

**Итност на материјалот: Да**

**Прилог: Предлог на закон за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство,Образец за фискални импликации, Образец 1 и 2-РИА**

**Дата на доставување на материјалот: 03.05.2012 година**

**МИНИСТЕР,**
Valon Saraqini

Изработил: Олгица Д.Динова
Контролирал: Александар Поповски
Одобрил: Анче Трифунов

**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

***М Е М О Р А Н Д У М***

**НАСЛОВ: ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО**

**МИНИСТЕР,**
Valon Saraqini

**ПОТПИС:** ______________________________

**Скопје, 03.05.2012 годин**

**1.Осврт по материјалот:** Со цел обезбедување потранспарентна постапка при доделување на концесиите на добра од општ интерес, со Предлог законот се воведува можноста концедентот да примени електронската аукција со позитивно наддавање, како последна фаза во постапката пред донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.
Основните решенија на предлог законот, се во насока на пропишување на одредби за условите и начинот на спроведување на електронската аукција во постапката за доделување на концесиите на добра од општ интерес.

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

**4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош : НЕ**

**Дали е донесена одлука на Комисијата за заштита на конкуренцијата за компатибилноста на државната помош: НЕ**

**5. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог)**

**6. Усогласеност со преземените обврски од ратификуваните меѓународни договори):**

**7. Решение кое се препорачува (со образложение):** Да се усвои Предлог на Закон за дополнување на Закон за концесии и јавно приватно партнерство

**8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат: НЕ**

**9. Очекувани влијанија:**

**10.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот: ДА**

**11. Клучни елементи за информирање на јавноста:**
Со предложениот закон ќе се овозможи потранспарентна постапка при доделување на концесиите на добра од општ интерес, со воведување на можноста концедентот да примени електронската аукција со позитивно наддавање, како последна фаза во постапката пред донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

ПРЕДЛОГ на Закон
за дополнување на Закон за концесии и јавно приватно партнерство

Скопје, мај 2012 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Република Македонија доделувањето на концесиите на добра од општ интерес и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерств, правната заштита во постапката, како и други прашања во врска со концесиите на добра од општ интерес и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство е уредена со Законот за концесии и јавно приватно партнерство ("Службен весник на РМ бр.6/12). Причината за дополнувањето на законот е негово дорегулирање со одредби за електронска аукција со позитивно наддавање, заради обезбедување на поголема транспарентност во постапката за доделување на концесиите на добра од општ интерес.
Со Предлог на законот се воведува можноста за користење на инструментот електронска аукција како дел од постапката за доделување на концесиите на добра од општ интерес.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основните цели на предложениот закон е обезбедување потранспарентна постапка при доделување на концесиите на добра од општ интерес, со воведување на можноста концедентот да примени електронската аукција со позитивно наддавање, како последна фаза во постапката пред донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.
Законот чие донесување се предлага се засновува врз истите начела, на кој се заснова основниот текст на законот.
Основните решенија на предлог законот, се во насока на пропишување на одредби за условите и начинот на спроведување на електронската аукција во постапката за доделување на концесиите на добра од општ интерес.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог законот за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложеното дополнување на овој закон не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

# ПРЕДЛОГ
## на Закон за дополнување на Закон за концесии и јавно приватно партнерство

Член 1

Во Закон за концесии и јавно приватно партнерство (Службен весник на Република Македонија бр.6/2012), во членот 3 став 2 по точката 18 се додадва нова точка 19 која гласи:
19.„Електронска аукција„ е повторлив процес на позитивно наддавање кој се реализира по првична целосна евалуација на понудите, во кој понудувачите имаат можност, исклучиво со користење на електронски средства да ги ревидираат дадените цени, така што рангирањето се врши автоматски со помош на електронски средства“.

Член 2

По членот 33 се додаваат седум нови члена, член 33-а, 33-б, 33-в, 33-г, 33-д 33-ѓ и 33-е кои гласат:

Член 33-а

Концедентот може да користи електронска аукција како последна фаза во постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес, пред доделувањето на концесијата и само ако техничките спецификации се прецизно дефинирани.

Член 33-б

Концедентот не смее да користи електронска аукција со цел да ја попречи, ограничи или наруши конкуренцијата или да го измени предметот на концесијата утврден во јавниот повик за доделување на концесијата на добра од општ интерес и тендерската документација.

Член 33-в

Ако концедентот користи електронска аукција Комисијата е должна во тендерската документација или во поканата за електронска аукција да ги вклучи:
-делот на понудата ќој ќе биде предмет на електронска аукција, под услов истиот да може да се определи и изрази во бројки или проценти,
-ограничувањата на вредноста до кои може да се подобрува делот од ставот 1 алинеја 1 на овој член, во согласност со техничките спецификации на предметот на договорот,
-информациите кои ќе им бидат достапни на понудувачите во текот на електронската аукција и кога овие информации ќе им бидат достапни,
-соодветни информации за спроведувањето на електронската аукција, со наведување на веб страницата на соодветното министерство во рамки на кое се воспоставува софтверското решение за електронска аукција при доделување на соодветната концесија на добра од општ интерес,
-услови под кои понудувачите ќе можат да наддаваат, а особено минималните разлики кои се дозволени во процесот на позитивно наддавање.

Член 33-г

Пред да започне со електронска аукција Комисијата врши целосна евалуација на способноста и на првичните понуди на понудувачите согласно со условите и критериумите од тендерската документација.
Комисијата ги поканува сите понудувачи кои поднеле прифатливи понуди да достават нов повисок концесискиот надоместок или нови вредности за делот на понудата кој е предмет на електронска аукција.Поканата истовремено се доставува до сите понудувачи по електронски пат.
Во поканата се наведува датумот и времето на започнување на аукцијата, начинот на спроведување на аукцијата, како и сите потребни информации за поврзување со електронските средства што се користат.
Ако критериумот за доделување на концесијата на добра од општ интерес е економски најповолна понуда, во поканата се наведуваи исходот од целосната евалуација на соодветната првична понуда на понудувачот до кој се испраќа поканата.
Електронското позитивно наддавање може да започне најрано два дена од датумот на кој се испратени поканите за учество на електронската аукција.

Член 33-д

Предмет на електронска аукција може да биде:
-само висината на концесискиот надоместок, кога критериумот за доделување на концесијата на добра од општ интерес е највисок понуден концесиски надоместок или
-висината на концесискиот надоместок или новите вредности на делот од понудата кој е предмет на електронска аукција наведен во тендерската документација, ако критериумот за доделување на концесијата на добра од општ интерес е економски најповолна понуда.
Електронската аукција може да се спроведува во неколку последователни кругови.

Член 33-ѓ

За време на секој круг од електронската аукција, Комисијата на сите понудувачи им ги доставува информациите потребни да утврдат како се рангирани во секое време. Комисијата може да им доставува и други информации во врска со:
-бројот на учесниците во соодветниот круг од електронската аукција и
- новите висини на концесискиот надоместок или вредности што биле поднесени во соодветниот круг од електронската аукција од другите понудувачи, под услов тендерската документација да предвидува таква можност.
При спроведување на круговите од електронската аукција, Комисијата не смее да го открие идентитетот на понудувачите.

Член 33-е

Електронската аукција се затвора на еден или повеќе од следниве начини:
-во однапред утврдено време за кое понудувачите биле известени во поканата за електронска аукција,
-кога бројот на кругови, утврден во поканата за електронска аукција е исполнет, а поканата содржи временска рамка за секој круг или
-кога ќе престанат да добиваат нови понуди за висината на концесискиот надоместок или нови вредности кои ги задоволуваат барањата во врска со минималните разлики при што Комисијата во поканата го наведува времето што ќе биде дозволено да помине по добивање на последната понуда, а пред затворање на електронската аукција.

Концедентот ја доделува концесијата на добра од општ интерес согласно со членот 35 од овој закон, а врз основа на резултатите добиени по затворањето на електронската аукција.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со Предлог на законот се врши дополнување во ГЛАВАТА II на Законот за концесии и јавно приватно партнерство со одредби за формата, начинот и условите во кои концедентот доколку смета за потребно доделувањето на соодветната концесија на добро од општ интерес предвидена со посебен закон, да ја додели со електронска аукција со позитивно наддавање како последна фаза во постапката пропишана со предметниот закон, пред донесувањето на Одлуката за избор на најповолна понуда.
Со член 1 од Предлог од законот се дополнува членот 3 став 2 со нова алинеја 19 со дефиниција за електронска аукција.
Со членот 2 се додаваат седум нови члена и тоа: член 33-а, 33-б, 33-в, 33-г, 33-д, 33-ѓ и 33-е со кои се пропишува можноста концедентот да користи електронска аукција како последна фаза во постапката за доделување на концесија на добра од општ интерес, како и предметот, условите и начинот на нејзино користење и спроведување.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби во законот се меѓусебно поврзани во одделни взаемни решенија во самиот Закон.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон ќе се овозможи потранспарентна постапка при доделување на концесиите на добра од општ интерес, со воведување на можноста концедентот да примени електронската аукција со позитивно наддавање, како последна фаза во постапката пред донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.